# ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА

## - скратена верзија -

**Назив на закон: Закон за експропријација** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16)

**Субјекти на надзор: Управа за имотно правни работи**

**Надлежна инспекциска служба: Државен управен инспекторат**

### Податоци за субјектот на надзор

| | |
|---|---|
| **Полн назив на субјектот на надзор** | |
| **Седиште на субјектот на надзор** | |
| **Единствен матичен број на субјектот** | |
| **Шифра и назив на претежна дејност на субјектот на надзор** | |
| **Име/презиме на законски застапник на субјектот на надзор** | |

### Податоци за инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| **Датум и место на спроведување на надзорот** | |
| **Предмет на инспекциски надзор** | |
| **Име/презиме на инспекторот** | |

| Број на член | Законска обврска / барање | Усогласеност |
|---|---|---|
| **Назив на глава / оддел од прописот:** __II. ПОСТАПКА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА | | |
| **4. Постапка пред органот за експропријација** | | |
| | | |
| Член 28<br>Став 1<br>Алинеа 1 | Дали органот за експропријација предлогот за експропријација со сите списи го доставува до сопственикот и до носителите на други имотни права на недвижноста за која се предлага експропријација во рок од 5 дена од денот на приемот на предлогот? | Да ☐ Не ☐ |
| Член 28<br>Став 1<br>Алинеа 2 | Дали органот за експропријација предлогот за експропријација и геодетскиот елаборат од членот 26 точка 2 од овој закон, по електронски пат го доставува до Агенцијата за катастар на недвижности, заради прибележување на предлогот за експропријација, во рок од 5 дена од денот на приемот на предлогот за експропријација? | Да ☐ Не ☐ |
| Член 29 | Дали органот по доставувањето на предлогот за експропријација до сопственикот на недвижноста или носителите на други имотни права на недвижноста, закажува и одржува расправа по предлогот, најдоцна во рок од 15 дена од денот на доставувањето на предлогот на сопственикот на недвижноста или носителите на други имотни права на недвижноста? | Да ☐ Не ☐ |
| | **5. Расправа за спогодување** | |
| | | |
| Член 30<br>Став 3 | Дали спогодбата се внесува во записник кој ги содржи сите податоци неопходни за исполнување на обврските на предлагачот на експропријацијата и сопственикот на недвижноста или носителот на други имотни права? | Да ☐ Не ☐ |
| | **6. Решение за експропријација** | |
| Член 31 | Дали ако не се постигне спогодба од членот 30 од овој закон, органот за експропријација во | Да ☐ Не ☐ |

| | | |
|---|---|---|
| Став 1 | зависност од фактите утврдени во постапката носи решение за експропријација? | |
| Член 31 став 2 | Дали решението со кое се усвојува предлогот за експропријација содржи податоци за:<br>- предлагачот на експропријацијата,<br>- недвижноста што се експроприра, со наведување на податоци од катастарот на недвижностите,<br>- сопственикот на недвижноста (лично име или назив, живеалиште, престојувалиште, односно седиште),<br>- носителите на други имотни права на недвижноста (лично име или назив, живеалиште, престојувалиште, односно седиште) и<br>- градењето на објектот или изведувањето на работи за кои се предлага експропријацијата. | |
| Член 31<br>Став 3 | Дали органот за експропријација решението од ставот (1) на овој член го донесува во рок од 30 дена од приемот на предлог за експропријација ? | Да ☐ Не ☐ |
| | | |
| Член 32<br>Став 2 | Дали тужениот орган, во рок од 8 дена од денот на приемот на барањето од Управниот суд доставува одговор со сите списи што се однесуваат на предметот.( по однос на поднесената тужба против решение за експропријација)? | Да ☐ Не ☐ |
| | **7. Владение на експроприраната недвижност** | |
| **Член 33**<br>**Став 4** | Дали органот за експропријација составува записник во кој ќе ја утврди состојбата на имотот пред влегувањето во владение, доколку состојбата на имотот е од значење за обештетувањето? | Да ☐ Не ☐ |
| | **8. Откажување од предлог за експропријација** | |
| **Член 34** | Дали предлагачот на експропријацијата до правосилноста на решението за експропријација може да се откаже од предлогот за експропријација? | Да ☐ Не ☐ |

| | | |
|---|---|---|
| | **Поништување на правосилно решение за експропријација** | |
| **Член 35**<br>**Став 3** | Дали за поништување на решението за експропријација од ставовите (1) и (2) на овој член одлучува органот за експропријација? | Да ☐ Не ☐ |
| **Член 35-а** | Дали органот за експропријација води евиденција за поднесените предлози за експропријација, поднесените предлози за одземање на правото на користење на градежно земјиште во државна сопственост, останати предлози за ограничување на правото на сопственост на земјиште, како и за донесените и поништените правосилни решенија за експропријација? | Да ☐ Не ☐ |
| | **Спогодба за надоместок** | |
| **Член 47**<br>**Став 1** | Дали **ако п**редлагачот на експропријацијата и сопственикот на недвижноста што се експроприра не постигнат спогодба за надоместок до правосилноста на решението за експропријација, органот за експропријација во рок од 8 дена по правосилноста на решението за експропријација закажува распава заради спогодување за надоместокот? | Да ☐ Не ☐ |
| **Член 47**<br>**Став 2** | Дали, ако по одржаната расправа за спогодување не се постигне спогодба за надоместок, органот за експропријација, во рок од 8 дена по одржаната расправа, предметот со сите списи го доставува на надлежниот суд, заради определување на надоместокот? | Да ☐ Не ☐ |
| | **Запишување во катастарот на недвижности** | |
| **Член 51**<br>**Став 3** | Дали органот за експропријација сите правосилни акти кои содржат правен основ врз основа на кој се врши запишување во катастарот на недвижностите, а се донесени врз основа на овој закон, во рок од пет дена од прибавувањето на доказот за платен надоместок за запишувањето согласно со тарифникот на Агенцијата за катастар на недвижности, заедно со пријавите за запишување по електронски пат ги доставува до Агенцијата за катастар на недвижности? | Да ☐ Не ☐ |